**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 31- 4538/
октомври 2015 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г. Трајко Вељаноски**

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на Петтата седница одржана на 1 октомври 2015 година го разгледа

**Предлог на Буџет на Република Македонија за 2016 година-Раздел 02001- Собрание на Република Македонија**

и врз основа на расправата едногласно го усвои следниот

З а к л у ч о к:

1. Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2016 година, Раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

2. Буџетскиот совет цени дека е потребно согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се поднесе амандман на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2016 година со кој во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија, Програма 2, Потпрограма 20 од ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ќе се прераспределат средства во износ од 2.500.000 денари на ставката 427 Привремени вработувања. Со оваа пренамена ќе се обезбедат потребните средства за ангажирање на надворешни соработници во пратеничките групи, согласно член 9 од Законот за Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија и до Министерството за финансии.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА БУЏЕТСКИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
Рафис Аљити